<u>**Образец бр.2**</u>

## Иницијална проценка на влијанието на регулативата

### Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

Главните проблеми заради чие решавање е потребно донесување на овој закон се: материјата што се однесува на прашањата поврзани со јавното здравје (здравјето на населението) е уредена со повеќе прописи од различни области (здравствената заштита, животната средина, безбедноста на храната, безбедноста на производите, отпадот, водите, отпадните води, домувањето, урбанистичкото планирање и сл), кои меѓу другото имаат за цел заштита на здравјето на населението/луѓето. Ниту во еден од законите не се дефинирани основните јавно здравствени функции и улогата на државата во обезбедување на услови за зачувување и унапредување на здравјето на населението, мултидисциплинарната основа и меѓусекторска соработка, сеопфатноста на мерките и активностите кои треба да се насочени кон целото население и кон социо - економските детерминанти на здравјето и факторите на ризик, партнерството со населението, специфичната улога и позиција на центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје на РМ. Финансирањето на овие јавни здравствени установи односно прашањето на обезбедувањето на средствата за извршување на јавно здравствените функции во државата, исто така, треба соодветно да се реши.

Крајна цел која се сака да се постигне со донесувањето на Законот е да се зачува и унапреди здравјето на населението со спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје преку организирани мерки и активности што ги преземаат државата и единиците на локалната самоуправа во соработка со здравствените установи и да се унапреди и зајакне меѓуресорската соработка помеѓу надлежните министерства и единиците на локалната самоуправа и јавниот и приватниот сектор и граѓаните, како и да се препознае важноста на јавно-здравствениот пристап во унапредувањето на здравјето.

Опциите за решавање на така определените проблеми се вклучени во самиот закон, а со законските одредби се обезбедува основа за понатамошно нивно доуредување во подзаконски акти.

1. **Опис на проблемите**

Материјата што се однесува на прашањата поврзани со јавното здравје (здравјето на населението) е уредена со повеќе прописи од различни области (здравствената заштита, животната средина, безбедноста на храната, безбедноста на производите, отпадот, водите, отпадните води, домувањето, урбанистичкото планирање и сл.), кои меѓу

другото имаат за цел заштита на здравјето на населението/луѓето. Ниту во еден закон не се дефинирани основните јавно здравствени функции и улогата на државата во обезбедување на услови за зачувување и унапредување на здравјето на населението, мултидисциплинарната основа и меѓусекторска соработка, сеопфатноста на мерките и активностите кои треба да се насочени кон целото население и кон социо - економските детерминанти на здравјето и факторите на ризик, партнерството со населението, специфичната улога и позиција на постојните заводи за здравствена заштита (центри за јавно здравје) и РЗЗЗ (Институт за јавно здравје на РМ) во областа на јавното здравје. Финансирањето на овие јавни здравствени установи односно прашањето на обезбедувањето на средствата за извршување на јавно здравствените функции во државата, исто така, треба соодветно да се реши. Моментално финансирањето се врши преку програмите за превентивна здравствена заштита што секоја година ги донесува Владата на РМ, од средства добиени од ФЗОМ за здравствени услуги кои се укажуваат на осигурените лица (лабораториски услуги), од приходи добиени по основ на услуги на други физички и правни лица (лабораториски анализи на храна, вода за пиење, здравствено-хигиенски прегледи на вработени и др), истражувачки и други проекти и сл. Произлезе и потребата од дефинирање на задачите на овие институции, а особено на јавно здравствените задачи и поставеноста на истите како хоризонтално, така и вертикално функционално поврзување (улогата на Институт за јавно здравје на РМ и поврзаноста со десетте регионални центри за јавно здравје).

## 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Со донесувањето на овој закон се планира да се обезбедат следните цели:

- да се зачува и унапреди здравјето на населението;
- да се овозможи спроведување на основните функции на јавното здравје преку организирани мерки и активности што ги преземаат државата и единиците на локалната самоуправа во соработка со институциите од областа на здравството;
- да се унапреди и јакне меѓуресорската соработка помеѓу надлежните министерства и единиците на локалната самоуправа и јавниот и приватниот сектор и граѓаните во зачувувањето и унапредувањето на здравјето на населението и во спроведувањето на основните функции на јавното здравје;
- да се обезбеди спроведување на меѓународните здравствени правила;
- да се препознае важноста на јавно-здравствениот пристап во унапредувањето на здравјето.

## 3. Идентификација на можни решенија (опции)

Прашањата поврзани со јавното здравје се уредени со повеќе прописи од различни области затоа со овој закон ќе се уреди односот со другите закони односно покрај одредбите на овој закон, на јавното здравје, се применуваат и одредбите на законите со кои се уредуваат заштитата од заразни болести, безбедноста на храната, безбедноста на здравјето при работа, заштитата на животната средина, како и други прашања од интерес за јавното здравје.

Со Законот ќе се утврдат основните функции на јавното здравје и задачи кои се основа за спроведување на сите јавно-здравствени активности од надлежните органи, институции и други правни лица, при што Министерството за здравство има водечка улога.

Системот на јавното здравје, кој обезбедува услови за зачувување и унапредување на здравјето на населението, како мрежа составена од граѓаните, семејствата, работодавачите и вработените, здравствени установи, образовните, социјалните, културните и други институции, средствата за јавно информирање, хуманитарни, религиозни, спортски и други организации, здруженија, фондови за здравствено осигурување, единиците на локалната самоуправа, како и други државни органи и здрауженија на граѓани и институции обезбедува спроведување на основните функции на јавното здравје. Спроведувањето на задачите се врши од страна на Министерството за здравство и други надлежни министерства во координација и соработка со сите министерства и институции каде што е потребна меѓу-секторска соработка.

Во Законот ќе се уредат работите што ги врши Институт за јавно здравје на Република Македонија и центрите за јавно здравје преку анализирање, планирање и процена, унапредување на здравјето, контрола и превенција на болести (заразни и незаразни болести), подготвеност за одговор при вонредни околности, проценка на влијанието на животната средина врз здравјето и микробиолошки и физичко-хемиски анализи. Работите, Институтот и центрите, ги спроведуваат согласно Национална годишна програма за јавно здравје донесена од Владата на Република Македонија. Квалитетот во овие установи ќе се обезбедува преку изготвување и почитување на усогласени професионални стандарди и упатства, континуиран професионален развој на кадарот, акредитација на лабораториите и внатрешен надзор над стручната работа и врз основа на дефинирани принципи.

За да се обезбеди координација и соработка на ниво на државата ќе се формира Национален совет за јавно здравје, составен од преставници на надлежните министерства и независни експерти и Национален комитет за синџирот на храна и анимално здравје, а на ниво на единиците на локалната самоуправа ќе се формираат совети за јавно здравје и воспостави меѓуопштинска соработка.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

Со Предлогот на Законот за јавно здравје е предвидено донесување на национална програма за јавно здравје за чие спроведување ќе бидат потребни 208.000.000 денари годишно. Средствата што се обезбедуваат за реализација на постојната превентивна програма ( 100.000 000 денари). ќе се насочат за реализација на националната програма за јавно здравје која треба да отпочне да се спроведува во 2011 година. За целосна реализација на наведената програма потребни се околу 118. 000.000 денари дополнителни финансиски средства.

Придобивки кои ќе се остварат со донесување на овој закон ќе бидат: да се утврдат основните функции на јавното здравје и задачи кои се основа за спроведување на сите јавно-здравствени активности од надлежните органи, институции и други правни и физички лица, преку меѓу секторка координација и соработка. Истовремено, при подготовка на стратешки и плански документи и прописи да се обезбедат јавно здравствените аспекти и нивниот одраз врз јавното здравје.

**Предложено решение (опција):**

Во законот ќе бидат содржани решенија за:

- основните функции на јавното здравје и задачи кои се основа за спроведување на сите јавно-здравствени активности од надлежните органи, институции и други правни и физички лица.
- работите што ги врши Институт за јавно здравје на Република Македонија и центрите за јавно здравје преку анализирање, планирање и процена, унапредување на здравјето, контрола и превенција на болести (заразни и незаразни болести), подготвеност за одговор при вонредни околности, проценка на влијанието на животната средина врз здравјето и микробиолошки и физичко-хемиски анализи.
- координација и соработка на ниво на државата - ќе се формира Национален совет за јавно здравје, составен од преставници на надлежните министерства и независни експерти и Национален комитет за синџирот на храна и анимално здравје, а на ниво на единиците на локалната самоуправа ќе се формираат совети за јавно здравје и воспостави меѓуопштинска соработка
- за финансирањето на јавното здравје
- постапување во случај на јавно здравствени вонредни околности од интерес за земјата и од меѓународно значење и примената на здравствените мерки од Меѓународниот здравствен правилник.
- за вршење на работи поврзани со тетовирање, пирсинг, трајна шминка, акупунктура и активности за нега и разубавување од аспект на заштита на јавното здравје.

**Опис:**

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физички лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

  Да.
  За правните и физичките лица кои вршат работи поврзани со тетовирање, пирсинг, трајна шминка, акупунктура и активности за нега и разубавување од аспект на заштита на јавното здравје за дозволи.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да образложи ги трошоците.

  Не.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.

  Не.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

  Да.
  Правно или физичко лице кое врши работи поврзани со активности на кожа (користење на солариуми, трајно отстранување на влакна и други активности, за нега и разубавување) или активности со кои се продира во кожата (тетовирање, пирсинг, трајна шминка и акупунктура) ќе треба да ја усогласи работата со одредбите од Законот и подзаконскиот акт, што ќе предизвика троѓоци за спроведување на постапката за усогласување.

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

  Не.

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнатите страни

Со дефинирање на основните јавно здравствени функции и задачи, воспоставување на тела за координација на централно и локално ниво и дефинирање на работите што ги вршат центрите за јавно здравје и Институтот за јавно здравје ќе се обезбеди средствата што се користат да бидат во функција на јавното здравје.

- Други нефинансиски придобивки за засегнатите страни

Нефинансиските придобивки за засегнатите страни се состојат во реализацијата на самите решенија, односно опции кои се внесуваат во законот а кои се однесуваат на решенија насочени кон заштита на јавното здравје.

3. **Ризици и претпоставки**

Не се очекуваат ризици при остварувањето на целите на овој закон.

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијанието на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Предлогот на Закон за јавно здравје е изработен во Министерството за здравство од работната група за подготовка составена од преставници

од центрите за јавно здравје, Институт за јавно здравје на РМ, Заводот за мајки и деца, преставници на релевантните сектори од Министерството за здравство, како и странски и локален експерт ангажиран во рамките на Проектот за управување со здравствениот сектор.

Консултации во постапката за подготвување беа остварени на работилници (6) за подготовка на Предлогот на Законот со присуство на преставници од центрите за јавно здравје, Институт за јавно здравје на РМ, Заводот за мајки и деца, преставници на релевантните министерства (финансии, животна средина, земјоделство,шумарство и водостопанство, локална самоуправа, правда и др) , релевантните сектори од Министерството за здравство, Секретаријатот за законодавство, Македонско лекарско друштво, Здружението по социјална медицина, Лекарска комора на Македонија и пратеници од Комисијата за здравство на Собранието на РМ.

Резиме на иницијалната
проценка на влијанието на регулативата

1. Краток осврт на преферираното решение/опција:

Со донесувањето на овој закон ќе се постигне: уредување на спроведувањето на основните функции и задачи на јавното здравје, системот на јавно здравје, јавно здравствените вонредни околности и финансирањето на јавното здравје. Со Законот ќе се утврдат основните функции на јавното здравје и задачи кои се основа за спроведување на сите јавно-здравствени активности од надлежните органи, институции и други правни лица. Преку системот на јавното здравје кој обезбедува услови за зачувување и унапредување на здравјето на населението и претставува се вклучени граѓаните, семејствата, работодавците и вработените, здравствени установи, образовните, социјалните, културните и други институции, средствата за јавно информирање, хуманитарни, религиозни, спортски и други организации, здруженија, фондови за здравствено осигурување, единиците на локалната самоуправа, како и други државни органи и невладини организации и институции, кои учествуваат во спроведувањето на основните функции на јавното здравје Институтот за јавно здравје на Република Македонија и центрите за јавно здравје Спроведувањето на задачите се врши од страна на Министерството за здравство и други надлежни министерства во координација и соработка со сите министерства и институции каде што е потребна меѓу-секторска соработка. За да се обезбеди координација и соработка на ниво на државата ќе се формира Национален совет за јавно здравје, составен од преставници на надлежните министерства и независни експерти и Национален комитет за синџирот на храна и анимално здравје, а

на ниво на единиците на локалната самоуправа ќе се формираат совети за јавно здравје и воспостави меѓуопштинска соработка

2. Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на регулативата и предлог законот:

   Јованка Костовска раководител на секторот за превентивна здравствена заштита и Ангелина Бачановиќ раководител на секторот за нормативно правни и управни работи и координација и техничка помош на министерот

3. Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:

Зоран Стојановски државен секретар
Јованка Костовска раководител на сектор и
Ангелина Бачановиќ раководител на сектор

Изјава од министерот
за иницијалната проценка на влијанието на регулативата

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка за влијанието на регулативата/предлог законот

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европската Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација/врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | НЕ |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во редвид. | НЕ |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото „молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, Д-р Бујар Османи, изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

Датум: